РЕПУБЛИЧКИ
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ
ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА**

# 2023

**РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА
# РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**за**

**2023 година**

јуни 2024

# Содржина

**Предговор**

**Вовед**

**1.Активности**

**1.1. Организирање и одржување на седници на РСБСП и на комисиите на РСБСП**

**1.2. Кампањи**

- **Кампања “Возете внимателно за празникот на љубовта и виното”**
- **Кампања “Честит 8 Март. Жените возат одговорно! Биди горда што возиш безбедно!”**
- **Кампања “Стави појас - Сите да придонесеме за безбедност во сообраќајот”**
- **Кампања “Безбедноста на пешаците на прво место! И јас и ти сме пешаци!”**
- **Кампања “Пешаците и возачите – рамноправни учесници во сообраќајот”**
- **Кампања за “Безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот - 2023”**
- **Кампања „Јас внимавам и безбедно возам“ велосипедистите и мотоциклистите возеа дефиле за поголема безбедност во сообраќајот**
- **Кампања „На матурска вечер без автомобил“**
- **Зимска кампања "Користи зимска опрема"**
- **Новогодишна кампања за “Среќна и безбедна нова година”**

**1.3. Реализирани настани и одбележани значајни датуми**

- **Ден на културата во сообраќајот**
- **Да ја победиме сообраќајната некултура**
- **Светски ден на сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди**

**1.4. Активности за соработка и формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата**

**1.5. Сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профил**

**1.6. Обезбедена опрема за МВР**

- **12 мотоцикли “пиаџо беверли”, целосно опремени за потребите на сообраќајната полиција**
- **2 патнички моторни возила, марка Шкода Октавија, опремени со системот PolCam, внатрешен уред дизајниран за контрола и мониторирање на сообраќај и прекршоци на возила во движење за зголемување на безбедноста во сообраќајот**

**1.7. Меѓународни активности**

- **Работна средба во Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Р.Србија**
- **Учество на 18-та Меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“**
- **Конференција „Визија нула за Балканот“ во Србија**
- **Состанок во Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Р.Србија**

**1.8. Меѓуинституционална соработка**

- **Работна средба во МОН за активирање на натпреварите „Детски семафор“**
- **Работна средба со Претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери**
- **Работна средба со Државната секретарка на МВР, Магдалена Несторовска**
- **Работна средба со Претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери**

**1.9. Соработка со медиуми**

- **РСБСП на годишен брифинг со новинарите**
- **Интервју со Претседателката на РСБСП, м-р Гордана Кожуваровска**

**2. Осврт кон активностите**

**2.1. Интензивирани континуирани стратешки активности**

## 3. Препораки за идни активности

### 3.1.Очекувани активности на РСБСП за 2024 година

## Заклучоци

**Предговор**

Извештајот за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија за 2023 година (во понатамошниот текст – РСБСП) претставува преглед на најважните активности кои РСБСП, самостојно и во соработка со партнерите, ги реализира во текот на 2023 година. Активностите кои РСБСП ги реализира во 2023 година се во согласност со законските надлежности на советот предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Деловникот за работа на РСБСП и истите се реализирани врз основа на Програмата за работа на РСБСП за 2023 година и одлуките на Советот, а се во насока за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и остварување на нејзините цели.

Со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во сите сегменти, РСБСП во 2023 година, оствари високо ниво на соработка со повеќе надлежни институции, органи и организации, невладини организации, приватни компании, медиумски куќи, факултети, професори, експерти и останати поединци и сите реализирани активности во 2023 година, всушност се плод на таа успешна соработка. Во 2023 година, особено успешна беше соработката на РСБСП со Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Факултетот за безбедност - Скопје при Универзитетот Климент Охридски - Битола.

Согласно наведеното, во 2023 година, РСБСП продолжи со примена на системски мултисекторски пристап кон прашањата, проблемите и предизвиците во областа на безбедноста на патниот сообраќај при реализација на годишната програма и законски утврдените надлежности.

2023 година е одбележана со дисконтинуитет во работењето на РСБСП во период од јуни до ноември 2023 година, период од пет месеци во кој не се реализирани никакви активности, поради завршување на четиригодишниот мандат на претходниот Совет и именување на новиот Совет од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 6 ноември 2023 година.

Дисконтинуитет во работењето делумно ги наруши плановите за реализација на Програмата за работа на РСБСП за 2023 година, но сепак, РСБСП со брзо и успешно направени измени и дополнување на начинот на работа, успеа да ја реализира предвидената програма за работа за 2023 година.

Во 2023 година, РСБСП реализира повеќе сообраќајно едукативни активности насочени кон сите групи учесници во сообраќајот и кон сите ризик фактори кои ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот. Реализирани беа голем број на кампањи, беа изработени повеќе видови на едукативни материјали, стручна литература, продуцирани и дистрибуирани беа повеќе видови на видео и аудио материјали, итн.

Едукација на учесниците во сообраќајот, а посебно едукација на децата и младите како ранливи и ризични групи на учесници во сообраќајот беше главниот фокус на дејствување на РСБСП во 2023 година. Согласно со тоа, оганизирани беа голем број на превентивни акции,

сообраќајно едукативни настани, изработени и дистрибуирани беа голем број на сообраќајно едукативни материјали наменети за децата и младите.

Статистичките податоци покажуваат дека во 2023 година, во Република Северна Македонија, 127 лица[1] го загубиле животот во сообраќајни незгоди, што претставува зголемување, во однос на 2022 година, кога вкупно 124 лица[2] го загубиле животот во сообраќајни незгоди. Според наведените податоци, бројот на загинати лица во сообраќајни незгоди во 2023 година се зголемил за 3 лица или за 2,41 % во однос на 2022 година.

Ако се земе во предвид фактот дека бројот на возила, бројот на возачи, бројот на поминати километри по возач или возило и патната мрежа континуирано растат, тогаш горенаведените податоци кои се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата во 2023 година, јасно покажуваат дека постои тренд на подобрување.

Статистичките податоци потврдуваат дека состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Северна Македонија бележи тренд на подобрување, но исто така потврдуваат дека безбедноста на патниот сообраќај не е на потребното и на посакуваното ниво. Имено, податоците истовремено потврдуваат дека состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Северна Македонија не е во согласност со целите дефинирани во Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Имено, согласно целите од Втората национална стратегија, Северна Македонија, т.е безбедноста во патниот сообраќај во Северна Македонија, до 2020 година, требаше да го достигне нивото и просекот на земјите членки на ЕУ, а тоа значи 5 загинати лица во сообраќајни незгоди на 100 000 жители или помалку од 100 загинати лица во сообраќајни незгоди на годишно ниво.

Согласно наведеното, неопходно е во наредниот период да се засили мултисекторскиот пристап кон прашањата од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата, односно неопходно е да се засили ангажманот на сите надлежни институции, органи и организации со цел намалување на бројот на настрадани лица во сообраќајни незгоди.

РСБСП во 2023 година реализира голем број на активности и настани, голем број на превентивни, сообраќајно едукативни кампањи, изработка на стручна литература, дистрибуција и презентација на видео спотови и голем број на други активности утврдени во Програмата за работа за 2023 година од што може да се заклучи дека Програмата за работа на РСБСП за 2023 година е успешно реализирана.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РСБСП

М-р Гордана Кожуваровска

[1] Извор: Статистички извештај на МВР за 2023 год.

[2] Извор: Статистички извештај на МВР за 2022 год.

**Вовед**

РСБСП во 2023 година, самостојно и во соработка со партнерите, реализира голем број на активности, настани и кампањи согласно законските надлежности, деловникот за работа и согласно Програмата за работа за 2023 година. Реализираните активности на РСБСП во 2023 година беа во насока за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и во насока на остварување на нејзините главни цели.

Согласно Програмата за работа, во 2023 година, РСБСП реализираше голем број на кампањи за едукација на учесниците во сообраќајот, голем број на сообраќајно едукативни предавања, обуки, настани и манифестации, активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот, изработка на стручна литература, продукција и емитување на едукативни аудио и видео материјали, медиумски настапи, итн., притоа изготвени и дистрибуирани се голем број на сообраќајно едукативни материјали за деца и возрасни и др.

Во 2023 година РСБСП посебен акцент во својата работа стави на унапредување на сообраќајната едукација кај децата и младите. Како посебно значајни активности, кои имаат стратешка важност, а се реализирани во 2023 година се издвојуваат:

- Со цел унапредување на безбедност на децата и младите во сообраќајот, РСБСП, во 2023 година, реализираше голем број на активности за едукација на децата и младите за основните сообраќајни правила и прописи и подигање на свеста и одговорноста кај возрасните за поголема безбедност на децата и младите во сообраќајот. Реализирани се кампањи "Безбедноста на пешаците на прво место! И јас и ти сме пешаци!", "Пешаците и возачите – рамноправни учесници во сообраќајот", „На матурска вечер без автомобил" во чии рамки се дистрибуирани голем број на едукативни материјали за децата и младите а исто така изработени се и презентирани едукативни видео спотови и стручна литература.
- Организирани се кампањи за едукација и подигање на свеста кај велосипедистите и мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот.
- Реализирани се кампањи за користење на сигурносни појаси за едукација и подигање на свеста кај возачите и патниците за поголема употреба на сигурносните појаси.
- Со цел унапредување на работата на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и унапредување на сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво, РСБСП во 2023 година, оствари високо ниво на соработка со Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно своите можности континуирано обезбедуваше и дистрибуираше едукативни материјали и стручна помош за потребите и функционирањето на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.
- Согласно законските обврски предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно согласно член 374, став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата РСБСП има обврска 30% од средства да ги намени за опрема на полициските служби кои се одговорни за безбедноста во патниот сообраќај. Согласно тоа, РСБСП, во 2023 година, набави и му предаде на МВР 12 мотоцикли Пиаџо беверли, целосно

опремени за потребите на сообраќајната полиција и 2 патнички моторни возила марка Шкода Октавија, опремени со системот PolCam, внатрешен уред дизајниран за контрола и мониторирање на сообраќај и прекршоци на возила во движење, кои се во функција на зајакнување на капацитетите на МВР за регулирање и контрола на патниот сообраќај.

Од реализираните активности во 2023 година, може да се заклучи дека и покрај дисконтинуитет во работењето на РСБСП во период од јуни до ноември 2023 година поради поради завршување на четиригодишниот мандат на претходниот Совет и именување на новиот Совет од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 6 ноември 2023 година, РСБСП беше активен и успешен во реализацијата на програмските активности, врз основа на што може да се заклучи дека РСБСП ефикасно и успешно ја реализира Програмата за работа за 2023 година.

## 1.Активности

РСБСП, самостојно и во соработка со партнерите, во 2023 година, реализираше 26 (дваесетишест) активности кои спаѓаат во групата на поважни активности, настани и акции кои имаа за цел унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија. Во годишниот извештај за работа на РСБСП за 2023 година накратко ќе бидат прикажани најзначајните реализирани активности во текот на 2023 година.

Како позначајни реализирани активности во наведениот период се издвојуваат:

### 1.1 Организирање и одржување на седници на РСБСП и на комисиите на РСБСП

Во текот на 2023 година, одржани се 7 (седум) седници на РСБСП и повеќе состаноци на Комисиите и работните групи при РСБСП. Организирањето и одржувањето на седниците на РСБСП и на комисиите на РСБСП е со цел реализација на програмските активности на РСБСП и оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на РСБСП, во насока на реализирање на Програмата за работа, како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија.

### 1.2. Кампањи

- **Кампања “Возете внимателно за празникот на љубовта и виното”**

Празниците се време за средби со најблиските и за создавање незаборавни спомени, но и време кога сообраќајот на патиштата е поинтензивен и неопходно е да се посвети посебно внимание на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, РСБСП на својата 25 седница на РСБСП, одржана на 26.01.2023 година, донесе одлука бр.0201-1/4 за реализација на кампања за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот за време на празникот Св. Валентин и Св. Трифун.

Целта на оваа сообраќајно едукативна кампања е намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди во овој период од годината преку засилување на сообраќајно превентивното дејствување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот, со посебен акцент на младите. Периодот пред и за време на празници го прават овој период од годината исклучително ризичен за учесниците во сообрќајот.

Кампањата е реализирана во тек на месец Февруари 2023 година, во соработка со МВР, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и други општествени чинители и се спроведе на ниво на цела Република Северна Македонија.

Во рамки на кампањата, учесниците во сообраќајот беа едуцирани за последиците од сообраќајните незгоди и за тоа како да се однесуваат во сообраќајот за време на празникот. Процесот на едукација се реализираше преку сообраќајно едукативни предавања, преку изработка и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери, фрешери, налепници, и друг промотивен материјал со сообраќајно едукативна содржина). Исто така во рамките на кампањата беа организирани и неколку јавни настани и манифестации.

Кампањата се реализираше теренски односно на местата каде младите најчесто се присутни и во директна и непосредна комуникација со нив. Покрај тоа, кампањата беше поддржана со изработка на едукативни текстови и нивна објава до медиумите, закуп на медиумски простор на веб портали, пишани медиуми, активности преку социјалните медиуми, итн.

Пораките кои беа пренесени во рамки на кампањата до секој учесник во сообраќајот беа:

- за време на празникот на љубовта и виното возете внимателно!
- љубовта оправдува многу нешта, но не и загрозување на безбедноста во сообраќајот.
- ако пиеш - не вози, ако возиш - немој да пиеш,
- ако пиеш - користи такси превоз или јавен превоз,
- за тие што те сакаат и за тие што ги сакаш, почитувај ги сообраќајните правила и прописи,
- вози внимателно и грижи се за сите учесници во сообраќајот,
- сподели среќа и радост со најблиските и
- вози со СРЦЕ!

- **Кампања “Честит 8 Март. Жените возат одговорно! Биди горда што возиш безбедно!”**

По повод Денот на жената 8 –ми Март, реализирана е собраќајно едукативна и превентивна кампања за подобрување на безбедноста на  жените во сообраќајот, во која акцент е ставен на улогата и значењето на жената како фактор на безбедноста во сообраќајот, функционалниот склоп на нејзините активности како возач, како учесник во сообраќајот и како општествен чинител.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на РСБСП бр.0201-2/4 од 26 седница на РСБСП одржана на 23 Февруари 2023 година.

Кампањата е реализирана во месец Март 2023 година и се спроведе на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, со цел едукација на жените и подигање на свеста за нивно одговорно учество во сообраќајот но и подигање на свеста за почитување на жените како рамноправни учесници во сообраќајот.

И покрај бројните примери за жени кои се успешни во сите сфери на општественото живеење, дел од жените-возачи се чувствуваат ранливи и несигурни во сообраќајот и пристапуваат особено внимателно имајќи ги предвид можните опасни ситуации. Ова пред сè се однесува на ситуации во врска со одржувањето на возилото во исправна состојба, несакани дефекти за време на возењето, личната безбедност и сл. Истовремено жените-возачи се покажуваат како одлични планери на патувањата и земаат предвид бројни околности кои можат да влијаат на безбедното возење со што придонесуваат за зголемување на безбедноста во сообраќајот воопшто. Според податоците од статистиката, жените поретко предизвикуваат сообраќајни незгоди со фатални последици и не се многу склони кон брзо возење или возење под дејство на алкохол. Сепак, и покрај ова, статистиката покажува дека поголем е процентот на жени кои се жртви или повредени во сообраќајни незгоди.

Во рамки на кампањата беа дистрибуирани едукативни материјали-флаери, фрешери, цвеќиња, изработени и дистрибуирани електронски банери преку електронски и социјални медиуми,  едукативни текстови, апели, пораки, учество во медиуми, итн. Покрај тоа во рамки на кампањата беа организирани јавни настани  за подигање на свеста и почитување на жените како рамноправни учесници во сообраќајот. Преку реализација на оваа сообраќајно едукативна кампања се придонесе за информирање, едуцирање и подигање на јавната свест кај жените за нивно одговорно и внимателно учество во сообраќајот а со тоа и подобрување на вкупната безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Северна  Македонија.

Пораките кои беа пренесени во рамки на кампањата до секој учесник во сообраќајот беа:

- да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи,
- да се грижат за сите учесници во сообраќајот,
- да користат сигурносен појас,
- да возат според пропишаната брзина,

- да избегнуваат да пушат и да зборуваат на мобилен телефон додека возат,
- почесто да ја проверуваат исправноста на возилото,
- да бидат посигурни во себе и во своите возачки способности.

- **Кампања "Стави појас - Сите да придонесеме за безбедност во сообраќајот"**

Податоци од истражувањето на РСБСП покажуваат дека голем број од возачите и патниците во Република Северна Македонија не користат сигурносни појаси и детски седишта во возилата. Некористење на сигурносниот појас е една од причините за големиот број на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди а она што дополнително загрижува е тоа што само минимален број од патниците на задните седишта користат сигурносен појас. Токму затоа, РСБСП пристапи кон реализација на кампања за едукација на возачите и патниците за ризикот и опасностите на кои се изложуваат поради неодговорното однесување во сообраќајот и подигање на јавната свест за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 2/7 од 23.02.2023 година од 26-тата седница на РСБСП одржана на 23.02.2023година.

Кампањата е реализирана на ниво на цела Република Северна Македонија, во период од 4 месеци односно во периодот од Февруари до Мај 2023 година а во соработка со МВР, МОН, МТСП, Факултет за безбедност – Скопје, Станици за технички преглед, Автошколи и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Целта на Кампањата е зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди преку едукација и подигање на свеста за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата.

Во рамки на кампањата беа организирани голем број на активности со кои што ќе се влијае на возачите и патниците за поголема употреба на сигурносни појаси и детски седишта во возилата. Беа одржани повеќе јавни едукативни настани, предавања, изготвен и дистрибуиран информативен– едукативен материјал на повеќе јазици во вид на флаери, плакатите, фрешери, банери, налепници и др. на јавни места, образовни институции, спортски натпревари и културни настани и манифестации, станици за технички преглед, автошколи и други. Посебен акцент во реализацијата на кампањата се стави на медиумските активности и на активностите реализирани со посредство на социјалните медиуми.

Во Кампањата посебен акцент беше ставен на младите возачи, децата но и сите останати учесници во сообраќајот.

Пораките кои беа пренесени во рамки на кампањата до секој возач и патник во возилото, за придобивките од користењето на сигурносен појас, се:

- овозможува заштита при нагло запирање на возилото или во случај на сообраќајна незгода,

- ја намалува веројатноста за смрт или сериозна повреда при сообраќајна незгода,
- спречува исфрлање на патниците од возилото во случај на сообраќајна незгода или превртување на возилото,
- комбинираното делување на сигурносниот појас и воздушното перниче ја зголемува безбедноста на патниците,
- сигурносните појаси се сметаат за ефективни доколку се правилно прицврстени во возилото и доколку правилно се користат,
- возачот, веднаш штом седне во возилото, да го стави сигурносниот појас,
- возачот да им укаже на сите патници во возилото да ги користат сигурносните појаси на секое седиште каде што се вградени,
- возачот да не започне со возење доколку патниците не ги стават заштитните појаси,
- сигурносниот појас секогаш да биде регулиран на соодветна висина, да се постави така што дијагоналниот ремен да не го допира вратот и правилно да преминува преку рамото,
- секогаш да се користи сигурносен појас, без оглед дали возилото е опремено со воздушни перничиња.

РСБСП апелира: Возачот штом ќе седне во возилото да го стави сигурносниот појас. Ништо не е поважно од безбедноста! Затоа и на возачите и на патниците им препорачуваме да користат сигурносен појас и да придонесат за поголема безбедност во сообраќајот!

- **Кампања “Безбедноста на пешаците на прво место! И јас и ти сме пешаци!”**

Врз основа на законските надлежности од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, обврските кои произлегуваат од Втората национална стратегија, Програмата за работа на РСБСП за 2023 година и врз основа на утврдените потреби односно фактот дека пешаците, исто како и возачите, често се жртви во сообраќајни незгоди[3], РСБСП укажува дека неопходно е преземање на превентивни мерки за зголемување на безбедноста на пешаците во сообраќајот, како и за подигање на свеста на пешаците и возачите за почитувањето на сообраќајните правила и прописи и за совесно учество во сообраќајот, затоа што безбедноста на пешаците и на возачите треба да биде заедничка грижа.

РСБСП следејќи ја состојбата и утврдувајќи дека не постои пообемна соодветна литература за едукација на пешаците и сите други учесници во сообраќајот за да се идентификуваат пешаците како рамноправни учесници во сообраќајот, ја идентификува потребата од изготвување и дистрибуција на сообраќајно едукативен материјал кој на еден

[3] Според статистичките податоци во РСМ, во последните три години, 15-25% од вкупниот број загинати лица во сообраќајни незгоди се пешаци, односно 20-25 пешаци го загубиле животот во сообраќајни незгоди.

лесен, едноставен и практичен начин ќе им помогне на сите учесници во сообраќајот да обрнат поголемо внимание на пешаците и нивната безбедност во сообраќајот.

Безбедноста на сообраќајот на патиштата во голема мера зависи од културата, етиката и знаењето на сите учесници во сообраќајот, а токму културата во сообраќајот се учи од најмала возраст, за што е потребно вклучување на образовните институции кои треба да го дадат првиот импулс во знаењето на најмладите во областа на безбедноста во сообраќајот и нивното првично вклучување како пешаци и рамноправни учесници во сообраќајот.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 3/3 од 27-тата седница на РСБСП одржана на 23.03.2023 година.

Кампањата е реализирана во период од Март – Јуни 2023 година, на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР, МОН, МТСП, Факултет за безбедност – Скопје и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во рамки на кампањата беа опфатени три групи на активности и тоа:

- активности за едукација на пешаците за основните правила и прописи во сообраќајот и нивно запознавање со опасностите и ризиците во сообраќајот,
- активности за едукација на возрасните - возачите и унапредување на нивниот однос кон пешаците како учесници во сообраќајот и
- активности за поттикнување на образовните институции за едукација и издигнување на безбедноста на пешаците во сообраќајот на ниво на највисок општествен и институционален приоритет.

Преку оваа кампања, РСБСП промовираше едукативен материјал во печатен и електронски облик, јавно достапен, кој на лесен начин, практичен и прифатлив за сите учесници во сообраќајот, кој дополнително ќе ги едуцира и ќе даде придонес за безбедноста во сообраќајот.

За изработка на едукативниот, стручен материјал, беше пристапено кон целосна и детална анализа на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и кон целосна и детална анализа на останата стручна литература, анализа на прашањата наменети за пешаците како учесници во сообраќајот, а крајната цел е да се создаде еден, сублимиран, материјал наменет првенствено за помладите учесници во сообраќајот.

Воедно, Кампањата опфати превентивно-едукативни активности во директна комуникација со пешаците и возачите заради изградување на правилни сообраќајни навики и етичко однесување на сите категории учесници во сообраќајот.

Пораките кои беа пренесени во рамки на кампањата се:

- Преминувајте преку улица само на означен пешачки премин или на крстосница,
- Движете се по тротоар или по патека наместо по пат, и тоа свртени кон сообраќајот доколку тротоар или патека не се достапни,
- Остварете контакт со очи со возачот на возилото што доаѓа кон вас,

- Почитувајте ја сообраќајната сигнализација за пешаци, но секогаш имајте ја предвид и сигнализацијата за возачите,
- Носете светла или рефлектирачка боја кога поминувате на пешачки премин во ноќни услови,
- Не користете мобилен телефон или слушалки додека преминувате на пешачки премин,
- Возачите особено да внимаваат и да ја намалат брзината кога се приближуваат до пешачки премин и да им даваат предност на пешаците.

- **Кампања за "Безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот - 2023"**

„Безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот - 2023 " е кампања за подигање на свеста на велосипедистите, мотоциклистите и управувачите на електрични тротинети за користење на соодветна заштитна опрема и почитување на правилата и прописите во сообраќајот со цел зголемување на нивната и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 3/4 од 27-тата седница на РСБСП одржана на 23.03.2023 година.

Целта на кампањата е подигање на свеста за почитување на сообраќајните правила и прописи, користење на заштитна опрема, во прв ред заштитен шлем и зголемување на безбедноста на велосипедистите, мотоциклистите и останатите учесници во сообраќајот на патиштата.

Кампањата е реализирана во период од мај – јуни 2023 година, на ниво на цела Република Северна Македонија, во соработка со МВР, Факултет за безбедност – Скопје и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Во рамки на кампањата, РСБСП со активности преку социјалните, електронските и пишаните медиуми и преку средствата за јавно инфомирање како и организација и учество на повеќе јавни настани, велосипедски и други манифестации, поставуваше мобилни пунктови за дистрибуција на едукативни материјали, со цел едукација на учесниците во сообраќајот и подигање на јавната свест за поголема употреба на алтернативни форми на мобилност, со посебен акцент за поддршка на велосипедизмот.

- **Кампања „Јас внимавам и безбедно возам" велосипедистите и мотоциклистите возеа дефиле за поголема безбедност во сообраќајот**

Преку 100 велосипедисти и над 30 мотоциклисти возеа на дефилето под мотото – „ЈАС ВНИМАВАМ И БЕЗБЕДНО ВОЗАМ" кое се одржа на 13.05.2023 година во Скопје. Целта на

дефилето е да се подигне  свеста за поголема безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот, како и користењето на заштитна опрема.

Дефилето беше организирано од страна на РСБСП, а партнери беа компанијата ОКТА, Министерството за внатрешни работи, Факултетот за безбедност од Скопје и Црвениот крст. Велосипедистите и мотоциклистите тргнаа од различни локации, а дефилето го завршија на платото пред Спортскиот центар „Јане Сандански“. Велосипедистите возеа од велосипедската патека на кејот кај хотелот „Holiday Inn“, а мотоциклистите од фонтаната „Лотусов цвет“ во Градскиот парк.

Во рамки на долгорочната кампања за подигнување на свеста за безбедност во сообраќајот „ЈАС ВНИМАВАМ“, компанијата ОКТА за учесниците во дефилето обезбеди велосипедски ѕвончиња, безбедносни велосипедски светла и заштитна кациги.

Поддршка на дефилето кое се одржа под мотото „ЈАС ВНИМАВАМ И БЕЗБЕДНО ВОЗАМ“ дадоа и организациите „Мото клуб Безбедност“, „Прв до врв“ и Здружението за друмски и планински велосипедизам „Macedonian Bike Riders“.

- **Кампања „На матурска вечер без автомобил“**

Во месеците април и мај 2023 година РСБСП, во соработка со МВР, МОН, Факултетот за безбедност – Скопје и ОСБСП ја реализираше кампања под мотото „На матурска вечер без автомобил“.

Кампањата е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 3/5 од 27-тата  седница на РСБСП одржана на 23.03.2023 година.

Кампањата традиционално се реализира во овој период од годината со цел сообраќајна едукација на младите и унапредување на нивната безбедност во сообраќајот како и да се влијае врз младите за време на матурските прослави да не управуваат моторно возило под дејство на алкохол. РСБСП секоја година редовно апелира на совесност и сериозност затоа што сообраќајот не е игра.

Кампањата се реализираше во повеќе средни училишта во Скопје, Битола, Охрид, Куманово, Кочани, Виница, Кавадарци, Тетово, Струга, Велес, Ресен, Прилеп, Демир Хисар и др. Матурантите, преку едукативни предавања, беа потсетени на сообраќајните правила и прописи кои треба да ги почитуваат како идни возачи и им беше упатен апел на матурската вечер да одат без автомобил заради својата, а и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Во рамки на кампањата беа реализирани повеќе активности, настани и манифестации и тоа: дистрибуција и презентација на едукативни видео спотови за млади со посредство на медиумите, организација на сообраќајно воспитни настани и предавања за младите – сообраќајни училници, изработка и дистрибуција на сообраќајно воспитни и едукативни материјали за младите,  активности за подигање на јавната свест за поголемо внимание на младите возачи и родителите кон младите како учесници во сообраќајот, итн.

Покрај тоа, кампањата беше поддржана, односно еден дел од кампањата се реализира и преку електронските медиуми (објава на едукативни текстови, веб банери со пораки за поголема безбедност на младите во сообраќајот, учество на претставници на РСБСП во тв и радио емисии за поголема безбедност на младите во сообраќајот, итн.) активности преку социјалните медиуми на РСБСП ( фејсбук и инстаграм), итн.

Со реализацијата на оваа кампања се придонесе за континуирана сообраќајна едукација на младите и намалување на бројот на загинати и повредени во сообраќајни незгоди, а воедно ваквиот пристап преку зголемена сообраќајна едукација кај младите претставува основа за долгорочно и трајно подобрување на културата и етиката во сообраќајот, а со тоа и долгорочно подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

- **Зимска кампања "Користи зимска опрема"**

Карактеристично за зимскиот период од годината е влошувањето на временските услови а согласно тоа се влошуваат и условите на патиштата од кој во голема мера зависи безбедното одвивање на сообраќајот.

Зимска кампања се реализира секоја година и истата е резултат на укажаната потреба од унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во зимски услови преку употребата на зимска опрема, а особено преку употребата на зимски гуми и одговорно однесување во сообраќајот со цел намалување на сообраќајните незгоди како последица на временските услови во зима.

Кампањата 2022 – 2023 е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот број 0201-5/3 од 22 (дваесетивтора) седница на РСБСП одржана на 06.10.2022 година додека Кампањата 2023 - 2024 врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 1/1 од 1 (првата) седница на РСБСП одржана на 19.11.2023 година.

Целта на кампањата е да придонесе кон подигање на јавната свест кај возачите на моторни возила за неопходноста за техничка подготовка на возилото за негово користење во зимски услови, на поседување на зимска опрема во моторните возила, а особено употребата на зимски гуми, а на тој начин да придонесе кон унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија. Реализацијата на кампањата всушност придонесе за подигање на јавната свест за безбедно однесување во сообраќајот при зимски услови на патиштата.

Кампањата се реализира во временски период од 15 ноември до 15 март. Во случај доколку временските услови ја наметнат потребата, истата се реализира со продолжено дејство односно во наредниот период согласно потребите. Партнери на РСБСП во спроведувањето на Кампањата беа МВР и Факултетот за безбедност – Скопје.

Зимската кампања се состоеше од активности за едукација на возачите за важноста и потребата од неопходноста за техничка подготовка на возилото за негово користење во зимски услови, важноста од прилагодување на брзината на условите и состојбите на патиштата,

совесно однесување во сообраќајот, навременото планирање и подготовка на патувањето, користење на зимска опрема во возилата, предностите од употребата на зимски гуми и подигање на свеста кај возачите за одговорното учество во сообраќајот при зимски услови на патиштата кои значително придонесуваат да се избегнат несаканите појави и ситуации во сообраќајот.

Во рамки на кампањата беа реализирани активности и јавни настани за информирање, едукација и подигање на јавната свест кај возачите на моторните возила за тоа што се подразбира под зимска опрема, кога и како треба да се користи и едукација за неопходноста од употреба на зимска опрема, особено зимски гуми како и едукација на возачите за правилно местење на синџири за снег.

Беа изработени сообраќајно едукативни материјали - флаери, ароматизери за автомобил, банери, брендирани нараквици за чистење на снег и друг едукативен материјал. Покрај тоа беа организирани повеќе акции на ниво на цела држава, а со цел дистрибуција на едукативните материјали до возачите.

Исто така, Зимска кампања опфати и активности за учество на претставници и партнери на РСБСП во јавни и дебатни емисии, учество во електронски и пишани медиуми со едукативни текстови, совети и пораки. Беа емитувани едукативни радио пораки и совети, како и едукативни веб банери на портали и во пишаните медиуми.

РСБСП апелира до возачите да ги почитуваат правилата и прописите во сообраќајот, да го прилагодат возењето според условите на патот, да држат соодветно растојание и задолжително да користат зимска опрема, со што ќе придонесат за зголемена безбедност на сите учесници во сообраќајот.

- **Новогодишни кампањи за “Среќна и безбедна нова година”**

Сообраќајните незгоди претставуваат една од водечките причини за смртност кај луѓето. Периодот пред новогодишните празници, божиќните празници, честите празници и слави во овој период од годината, училишните распусти, одморот помеѓу двата семестри за студентите, итн. го прават овој период од годината исклучително ризичен за учесниците во сообраќајот.

Имајки ја во предвид ваквата состојба, РСБСП, согласно своите надлежности, донесе одлуки за реализација на кампања за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот за време на Новогодишните празници.

Кампањата 2022 – 2023 е реализирана врз основа на донесена одлука на Советот број 0201-6/3 од 23 (дваесеттитрета) седница на РСБСП одржана на 24.11.2022 година додека Кампањата 2023 - 2024 врз основа на донесена одлука на Советот бр.0201 – 2/17 од 2 (втоによる) седница на РСБСП одржана на 05.12.2023 година.

Кампањите се реализираа под мотото „Новогодишна кампања“ во месеците декември и јануари, во соработка со МВР, Факултетот за безбедност – Скопје и ОСБСП со цел намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди во овој период од годината

преку засилено сообраќајно-превентивно делување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот, со посебен акцент на младите.

Во рамки на кампањата, учесниците во сообраќајот беа едуцирани за последиците од сообраќајните незгоди и за тоа како да се однесуваат во сообраќајот за време на празниците. Процесот на едукација се реализираше преку сообраќајно-едукативни предавања во средните училишта, преку изработка и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали (флаери, фрешери, налепници, тефтери, пенкала и друг промотивен материјал со сообраќајно едукативна содржина). Исто така беа организирани и неколку јавни настани и манифестации. Покрај тоа во соработка со партнерите во повеќе ноќни клубови, дискотеки, кафетерии, ресторани и други угостителски објекти истотака беа дистрибуирани едукативни материјали, итн.

Кампањите генерално се реализираа теренски односно на местата каде младите најчесто се присутни и во директна и непосредна комуникација со нив. Покрај тоа, кампањата беше поддржана со изработка на едукативни текстови и нивна објава до медиумите, закуп на медиумски простор на веб портали, пишани медиуми, активности преку социјалните медиуми, итн.

РСБСП на возачите им препорача да се почитуваат максимално сообраќајните правила и прописи, да не конзумираат алкохол кога планираат да управуваат со моторно возило, доколку конзумираат алкохол за време на новогодишните празници тогаш да користат такси услуги или јавен превоз, да ја прилагодат брзината според условите на патот, да користат сигурносен појас, да избегнуваат нагло сопирање на возилото и сл.

Понатаму РСБСП апелира за одговорно учество во сообраќајот и внимателно возење за време на новогодишните празници, поголема сообраќајна култура, почитување на сите учесници во сообраќајот и издигнување на безбедноста на сообраќајот на уште повисоко ниво за среќна и безбедна нова година.

### 1.3. Реализирани настани и одбележани значајни датуми

- **Ден на културата во сообраќајот**

Почнувајќи од 2015 година, 11 мај, во светот традиционално се празнува како „Ден на културата во сообраќајот“. И РСБСП секоја година се приклучува кон активностите за одбележување на овој значаен ден со цел подигнување на свеста на сите учесници во сообраќајот за законско, етичко и толерантно однесување, со што ќе се постигне и поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

Секој учесник во сообраќајот со своите сфаќања, со движењето и начинот на однесување во сообраќајот директно влијае врз одвивањето и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Притоа, се мисли не само на поседување на вештини за управување со возило, или на познавање на законските правила и прописи, туку и на нивното безусловно почитување и примена. Ваквото позитивно перцепирање на односите во сообраќајот е основната нишка на сообраќајната

култура која треба да ја поседува секој учесник во сообраќајот без оглед дали станува збор за пешак, возач на моторно возило, патник, велосипедист, мотоциклист итн. Сообраќајната култура е дел од личноста на човекот и претставува одраз на неговиот карактер и како човек и како учесник во сообраќајот, а се воспоставува уште од најраната возраст. Токму затоа РСБСП посебно внимание посветува на реализацијата на активности наменети за најмладите со цел нивно запознавање со сообраќајот, сообраќајните правила и прописи, како и со одговорното и совесно однесување во сообраќајот, со што ќе се овозможи тие да бидат безбедни и примерни учесници во сообраќајот на патиштата. Во таа насока е и континуираната соработка со воспитно-образовните институции во реализацијата на бројни кампањи и активности за издигнување на сообраќајната култура на повисоко ниво со што се создаваат услови за изградба на систем на општествени вредности во кој безбедноста во сообраќајот, културата и етиката во сообраќајот ќе заземат соодветно и значајно место.

РСБСП и во иднина ќе продолжи да реализира превентивно-едукативни кампањи затоа што повисокото ниво на сообраќајна култура е основен предуслов за побезбеден сообраќај, односно за намалување на сообраќајниот метеж, намалување на бројот на сообраќајни незгоди и настраданите лица во истите.

Затоа, на Денот на културата во сообраќајот, РСБСП упатува апел:

„Да го почитуваме секој учесник во сообраќајот, да бидеме внимателни, одговорни и толерантни, и преку сопствениот пример да придонесеме за развивање на културата и безбедноста во сообраќајот."

- **Да ја победиме сообраќајната некултура**

На 11.11.2023 година во Скопје, се реализираше настан „ДА ЈА ПОБЕДИМЕ СООБРАЌАЈНАТА НЕКУЛТУРА" во рамки на проектот „Подигнување на јавната свест за важноста на културата во сообраќајот". Носители на настанот беа: „Мотоцентар", „Континентал" и „Ист Гејт Мол", во соработка со РСБСП, „Порше Клуб Македонија" и МВР. Централниот настан се одвиваше пред Трговскиот центар „Ист Гејт Мол" во Скопје, а во рамки на истиот имаше и дефиле на возила од „Порше Клуб Македонија". Позитивното перцепирање на односите во сообраќајот, како и познавањето и почитувањето на законските правила и прописи, се основата на сообраќајната култура која треба да ја поседува секој учесник во сообраќајот без оглед дали станува збор за пешак, возач на моторно возило, патник, велосипедист, мотоциклист итн.

За жал не можеме да речеме дека сообраќајната култура и етиката во сообраќајот се на задоволително ниво. Токму затоа, во рамките на своето делување РСБСП организира и спроведува низа едукативни активности, како обуки, продукција на материјали, настани и кампањи со што конкретно работиме на поголема едукација на сите учесници во сообраќајот.

Сепак, за поголема безбедност клучна е личната одговорност на секој учесник во сообраќајот. Затоа РСБСП ги поздравува ваквите иницијативи за подигнување на јавната свест за важноста на културата во сообраќајот и повикува за што повеќе иницијативи и давање придонес во заедничкото издигнување на безбедноста на сообраќајот на уште повисоко ниво.

- **Светски ден на сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди**

Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди е прогласен од страна на Светската здравствена организација и согласно тоа, секоја година, традиционално на иницијатива и организација на РСБСП се одбележува на територијата на Република Северна Македонија.

Одбележувањето на Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообракајни несреќи се реализираше во периодот од 17 до 19.11.2023 година во Охрид.

Годишно, во светот, околу 1,3 милиони луѓе го губат животот во сообраќајни незгоди, а околу 50 милиони лица се здобиваат со повреди. На секои 24 секунди едно лице го губи животот во сообраќајни незгоди.

Во 2023 год. во РСМ во сообраќајни незгоди животот го загубија 127 лица, 926 лица се задобиле со тешки телесни повреди и 6052 лица се задобиле со телесни повреди.

Сепак, според светската визија за нула жртви во сообраќајот, сите заеднички треба да преземаме суштински активности за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Затоа РСБСП упатува апел: „Возете одговорно и безбедно и дадете свој придонес за намалување на сообраќајните незгоди, со што ќе се намали и бројот на загинати и повредени лица! СТОП ЗА СМРТТА НА ПАТИШТАТА!“

Во знак на почит и помен на жртвите од сообраќајни незгоди беа засадени дрвја пред СВР - Охрид, а од плоштадот во Охрид беа испратени пораки до сите учесници во сообраќајот, беа положени цвеќиња и беа пуштени балони. Претседателот на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска потсети дека во светот, дневно, илјадници лица страдаат во сообраќајни незгоди и затоа упати апел за зголемување на безбедноста во сообраќајот, внимателно и одговорно учество во сообраќајот и почитување на правилата и прописите, како и на секој учесник во сообраќајот.

Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди се одбележува од 1993 год., а во 2005 година ООН го прогласи за светски ден кој се одбележува секогаш во недела во третата седмица од месецот ноември. Оваа година на 19 ноември бројни релевантни институции и организации од целиот свет се ангажираат за да се потсети јавноста на милионите лица кои загинале или биле повредени во сообраќајни незгоди, да им се даде помен на истите, но и за да се подигне свеста кај учесниците во сообраќајот за последиците од сообраќајните незгоди со цел да се намали бројот на загинати и повредени. Овој ден е посветен и на членовите на семејствата на загинатите и повредените во сообраќајни незгоди, како и на сите оние кои се соочуваат со физички или психички последици од сообраќајни незгоди, а признание им се оддава и на

службите за итна медицинска помош, противпожарните единици и сиот медицински персонал, но и на сите општествени чинители кои пружаат помош на повредените и на семејствата на загинатите и повредените лица.

**1.4. Активности за соработка и формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Со цел унапредување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво, РСБСП согласно законските надлежности предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во соработка со Локалната самоуправа, во 2023 година, активно соработуваше со Општините кои имаат формирано Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (ОСБСП) и укажуваше на потребата за формирање на ОСБСП во Општините каде такви совети не се формирани.

Во таа насока, а со цел поддршка и реализација на сообраќајно превентивни и едукативни настани и активности на локално ниво, РСБСП континуирано обезбедуваше и дистрибуираше едукативни материјали и обезбедуваше стручна помош за потребите на Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**1.5. Сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профил**

РСБСП континуирано реализира активности за сообраќајно едукативно дејствување преку Веб страната, фејсбук и инстаграм профилот на РСБСП односно електронските медиуми на РСБСП се ставени во функција на информирање, едуцирање и подигање на јавната свест за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата и согласно тоа континуирано, РСБСП преку своите електронски медиуми објавува совети, пораки и апели за правилно и одговорно учество во сообраќајот и информации за законските одредби и обврски на учесниците во сообраќајот.

Во тек на 2023 година, РСБСП преку социјалните медиуми, континуирано секој месец, споделуваше совети до сите учесници во сообраќајот со цел подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот.

РСБСП советува:

- Совет за јануари 2023. “Подготви го возилото и прилагоди се на зимските услови на патот. Користи зимска опрема”.
- јануари 2023 “Совети за возење на снег”
- Совет за февруари 2023. “Раскини му на алкохолот додека возиш! Вози одговорно и безбедно!”

- Совет за март 2023. “Почитувај ги сообраќајните правила и прописи. Пешачи и вози одговорно! Биди одговорен учесник во сообраќајот. Безбедноста нека ти биде на прво место!”
- Совет за април 2023. “Почитувај ги сообраќајните правила и прописи. Безбедноста и на пешаците и на возачите е заедничка грижа. И јас и ти, сите сме пешаци”.
- Совет за мај 2023. “Возете внимателно и одговорно за првомајските празници. Бидете внимателни, одговорни, културни и толерантни учесници во сообраќајот! Да ја унапредиме културата во сообраќајот и да придонесеме за побезбеден сообраќа”.
- Совет за јуни 2023. “Носи кацига! Биди внимателен и одговорен учесник во сообраќајот!”
- Совет за јули 2023. “Вози одморен! Пристигни безбедно на посакуваната дестинација”.
- Совет за август 2023. “Кога патуваш задолжително користи сигурносен појас”.
- Совет за септември 2023. “Вози внимателно во близина на воспитно - образовни установи. Да ги заштитиме децата во сообраќајот!”
- Совет за октомври 2023. “Паркирај совесно и одговорно. Неправилното паркирање е причина за голем број на сообраќајни незгоди”.
- Совет за ноември 2023. “Не користи мобилен телефон додека возиш! Безбедноста на прво место!”
- Совет за зимска сезона 2023 – “Направете зимска проверка на возилото”
- Совет за месец декември 2023. “Не управувај со моторно возило доколку си под дејство на алкохол!”
- Совет за новогодишните празници – “Среќна и безбедна 2024 година”

### 1.6. Обезбедена опрема за МВР

Согласно законските обврски предвидени со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (член 374, став 2) РСБСП има обврска 30% од средства да ги намени за опрема на полициските служби кои се одговорни за безбедноста во патниот сообраќај. Согласно тоа, РСБСП, во 2023 година, набави и му предаде на МВР, 12 мотоцикли Пиаџо беверли, целосно опремени за потребите на сообраќајната полиција и 2 патнички моторни возила марка Шкода Октавија, опремени со системот PolCam, внатрешен уред дизајниран за контрола и мониторирање на сообраќај и прекршоци на возила во движење, кои се во функција на зајакнување на капацитетите на МВР за регулирање и контрола на патниот сообраќај.

Унапредувањето на работата на сообраќајната полиција и подобрувањето на нејзините капацитети е од исклучителна важност за подобрување на безбедноста на патниот сообраќај. Примената на современа техничка опрема во процесот на управување и контрола на сообраќајот на патиштата значително ќе ја зголеми ефикасноста на работата на сообраќајната полиција и ќе го зголеми обемот и квалитетот на извршените контроли од стана на сообраќајната полиција.

Двете патнички моторни возила марка Шкода Октавија имаат огромна предност во однос на стационарните уреди за евидентирање на прекршоци, односно ја поседуваат компонентата на мобилност како клучна за целосна покриеност од сообраќајната полиција во насока на

превентивно и репресивно делување на терен во сообраќајот, а се со цел сериозно намалување на сообраќајни незгоди, особено со тешки последици. Системот PolCam е незаменлив при документирање на сообраќајни прекршоци како што се: минување на црвено светло, возење со поголема брзина од дозволената, непрописно престигнување и други прекршоци, а брзината на движење на возилата може да се мери на фиксна и променлива оддалеченост од возилата.

Уредот овозможува видео запис од 25 фотографии во секунда, мапа на којашто се покажува локацијата каде е направено видеото, а има и опција за пронаоѓање и автоматско препознавање на регистарски таблички кои направиле прекршоци. Интегрираните уреди се од полската компанија PolCam кои преку поставените камери со висока резолуција на предниот и задниот дел од возилото во денски и ноќни услови и во движење бележат видео записи од сторените прекршоци. Бележаните видео записи се складираат во хард диск кој е поставен во задниот дел од возилата и истите подоцна може да се употребат како веродостоен доказ за сторениот сообраќаен прекршок пред надлежните институции. Покрај документирањето на сообраќајните прекршоци со овој уред може автоматски да се детектираат и препознаат регистарски таблици, кои претходно биле евидентирани за сторен сообраќаен прекршок.

### 1.7. Меѓународни активности

- **Работна средба во Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Р.Србија**

Претседателот на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска на 04.03.2023 година во Белград оствари работна средба со Бранко Стаматовиќ, Директорот на Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Србија. На средбата се дискутираше за безбедноста на сообраќајот на патиштата во двете соседни држави, за реализираните заеднички активности во текот на изминатата година и за продолжување на соработката во 2023 година. Договорено е заедничко спроведување на летната кампања „Вози одморен“ наменета за возачите од двете држави, но и за странските возачи кои транзитно поминуваат по коридорот 10 низ двете држави, а се дискутираше и за активностите кои РСБСП и АБС ги спроведуваат за зголемување на безбедноста на децата во сообраќајот.

- **Учество на 18-та Меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“**

Претставници на РСБСП учествуваа на 18-та меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“, која се одржа од 19 до 22.04.2023 год. во Копаоник, Република Србија. М-р Гордана Кожуваровска, претседател на РСБСП, учествуваше со труд во тематската целина „Одржлива урбана мобилност“. На конференцијата учествуваа над 350 еминентни стручњаци од областа на сообраќајот, претставници од државни органи, од

единиците на локалната самоуправа и други институции од регионот, кои изнесоа свои научни и стручни сознанија во врска со организација и управување со безбедноста во сообраќајот, безбедност на учесниците во сообраќајот, безбедност на патната инфраструктура, одржлива урбана мобилност, работа на единиците на локалната самоуправа и др.

- **Конференција „Визија нула за Балканот“**

Претседателот на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска учествуваше на конференцијата од областа на безбедноста во сообраќајот „Визија нула за Балканот“ која се одржа на 15 и 16 мај 2023 г., во Белград, Република Србија.

Конференцијата ја организираа Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Србија и Меѓународната федерација за патишта (IRF Global), а на истата учествуваа над 300 стручњаци од областа на безбедноста во сообраќајот, високи претставници на меѓународни организации, претставници од агенциите и советите за безбедност на сообраќајот на патиштата од земјите од регионот, стручњаци од областа на транспортот и безбедноста во сообраќајот, како и компании кои претставија најнова технологија од областа на безбедноста во сообраќајот. Конференцијата „Визија нула за Балканот“ е дел од акцијата на Обединетите нации за безбедност на патиштата 2021-2030 година, и означува воспоставување на нови форми на меѓународна соработка со цел да се спречат континуираните повреди во сообраќајот чиј резултат се околу 1.350.000 смртни случаи годишно на светско ниво. „Визија нула“ е всушност пристап кој ги обединува напорите за признавање дека не е прифатлив ниту еден изгубен живот, па во таа насока се усогласувањата на активностите, размената на искуства и договорите за заеднички активности на огромен број релевантни институции кои со заеднички заложби ќе придонесат за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и за намалување на бројот на повредени и загинати лица во сообраќајни незгоди.

- **Состанок во Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Р.Србија**

Претседателот на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска на 20.12.2023 година во Белград, во Агенцијата за безбедност на сообраќајот на Република Србија, оствари средба со Бранко Стаматовиќ, в.д. директор на Агенцијата. На состанокот се разговараше за безбедноста на сообраќајот, тековните активности со акцент на зимската кампања и реализацијата на заедничките кампањи во текот на оваа година кои дадоа одлични резултати и ја продлабочија соработката на двете соседни држави. Беа договорени и заеднички активности за претстојниот период со цел унапредување на безбедноста во сообраќајот и остварување на стратешката цел Визија 0 (нула) загинати деца што е приоритет и во Република Србија и во Република Северна Македонија.

**1.8. Меѓуинституционална соработка**

- **Работна средба во МОН за активирање на натпреварите „Детски семафор“**

На 24.01.2023 година во Министерството за образование и наука, м-р Гордана Кожуваровска, претседател на РСБСП, оствари работна средба со министерот за образование и наука Јетон Шаќири. Беше постигнат договор за активирање на традиционалната манифестација „Детски семафор“ која ќе се реализира во текот на второто полугодие од учебната 2022/2023 година во сите основни и средни училишта од РС Македонија. Манифестацијата има натпреварувачки карактер и се организира на општинско, регионално и републичко ниво, со цел унапредување на знаењата на учениците од сообраќајната култура. Натпреварите „Детски семафор“ (за учениците од основните училишта) и „Сообраќајна култура на младите“ (за учениците од средните училишта) се состојат од теоретски дел за познавање на правилата и прописите во сообраќајот и практичен дел за вешто возење на велосипед, односно мопед.

- **Работна средба со Претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери**

На 21.02.2023 година, претседателот на РСБСП, Гордана Кожуваровска оствари работна средба со претседателот на Собранието на Репубика Северна Македонија, Талат Џафери.

На средбата се дискутираше за реализираните активности на РСБСП во изминатата 2022 година и беше презентирана програмата за работа на РСБСП за 2023 година и активностите кои РСБСП, како избрано тело од Собранието на Републиката, предвидува да ги реализира во тековната година.

- **Работна средба со Државната секретарка на МВР, Магдалена Несторовска**

На 04.04.2023 година, во Министерството за внатрешни работи се одржа работна средба помеѓу државната секретарка Магдалена Несторовска и претседателката на РСБСП, Гордана Кожуваровска. На средбата беше потенцирана одличната соработка помеѓу МВР и РСБСП, а се разговараше и за натамошните заеднички активности во насока на подобрување на безбедноста во сообраќајот. Меѓу другото, беа разгледани и начините за подобрување на евиденцијата на работата на техничките прегледи.

- **Средба со Претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери**

На 28.12.2023 година, Гордана Кожуваровска, претседател на РСБСП, оствари средба со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери. На средбата се разговараше за соработката и достигнувањата на РСБСП во 2023 година, а беше истакнато и

значењето на Собранието во процесот на донесување одлуки за поголема безбедност во сообраќајот.

### 1.9. Соработка со медиуми

Медиумската подршка и објавата на брзи, точни, навремени и квалитетни информации, пораки и совети за безбедно учество во сообраќајот е важен сегмент во процесот на информирање и едукација на учесниците во сообраќајот и во напорите за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот. Промена на навиките и културата во сообраќајот и издигнување на сообраќајната култура и етика како врвен општествен приоритет може да се оствари единствено преку силна медиумска подршка. Согласно тоа, континуирано во текот на година Републичкиот совет за безбездност на сообраќајот на патиштата остваруваше високо ниво на соработка со претставниците на пишаните и електронските медиуми.

Претставници на РСБСП, во текот на 2023 година континуирано беа присутни на сите видови пишани и електронски медиуми во Република Северна Македонија. Имено, организирани се голем број на вклучувања во информативните програми - вести во сите телевизии со национална концесија, вклучувања во информативните програми – вести на локалните и регионалните телевизии, голем број на гостувања во утрински и други сообраќајно едукативни емисии, голем број на објави, интервјуа и изјави во сите видови пишани медиуми, гостувања во радио програми и голем број на радио објави како и голем број објави, статии, интервјуа и изјави во електронските медиуми-веб портали. Во текот на 2023 година, РСБСП континуирано објавуваше сообраќајно едукативни текстови на конкретна тема со конкретни пораки за безбедно учество во сообраќајот и истите редовно се објавуваа на голем број веб портали. Медиумите се важен партнер во работата на РСБСП и соработката со нив е исклучително важна за подигање на јавната свест за внимателно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата.

РСБСП исто така, континуирано во 2023 година го користеше јавниот медиумски простор на веб портали и на радио канали, за дополнително информирање, едукација и подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќајот и пренусување на пораки и совети со сообраќајно едукативна содржина.

- **РСБСП на годишен брифинг со новинарите**

На 26.12.2023 г. РСБСП одржа годишен брифинг со претставници на медиумите. Гордана Кожуваровска, претседател на РСБСП, пред новинарите ги презентираше реализираните активности на РСБСП во текот на 2023 година. Акцент беше ставен на големиот број превентивни и едукативни кампањи поддржани и реализирани во соработка со Министерството за внатрешни работи и Факултетот за безбедност Скопје, како и со Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, бројни институции и здруженија и секако со поддршка

од медиумите. Во своето обраќање Кожуваровска ја истакна важноста на превенцијата, како и неопходноста за изградување на систем на општествени вредности во кој безбедноста во сообраќајот и сообраќајната култура ќе бидат на задоволително ниво. Во таа насока им се заблагодари на новинарите за високото ниво на соработка во текот на изминатата година и за поддршката што постојано му ја даваат на РСБСП во неговото долгогодишно функционирање.

- **Интервју со претседателката на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска**

На 30.12.203 година, Претседателката на РСБСП м-р Гордана Кожуваровска во интервју за Македонската Телевизија го претстави РСБСП како и големиот број на активности, јавни настани, едукативни предавања, публикувана стручна литература, итн. кои РСБСП ги реализира со цел подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Воедно, ја информираше јавноста дека Република Северна Македонија е дел од акцијата на Обединетите нации за безбедност на патиштата наречена „Визија нула за Балканот" 2021-2030 година како и меѓународните активности кои РСБСП ги реализира за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. На крајот, беше упатена честитка до граѓаните на Република Северна Македонија за среќна и безбедна нова 2024 година со апел до учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќајот во текот на новогодишните и божиќни празници.

## 2. Осврт кон активностите

### 2.1. Интензивирани континуирани стратешки активности

Во 2023 година реализирани се поголем број на активности, јавни настани, едукативни предавања, итн. со цел подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Посебно значајни од тој аспект беа кампањите "Стави појас - Сите да придонесеме за безбедност во сообраќајот", "Безбедноста на пешаците на прво место! И јас и ти сме пешаци!", "Безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот - 2023", „На матурска вечер без автомобил" и кампањата за одбележување на „Светскиот ден на сеќавање на жртвите во сообраќајните незгоди".

Покрај тоа, во 2023 година интензивирани се активности за изработка и дистрибуција на стручна и едукативна литература.

Во 2023 година, РСБСП исто така стави акцент на силната соработка со средствата за јавно информирање и сообраќајно превентивното дејствување односно информирање, едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот со посредство на медиумите. Имено, во 2023 година, покрај интензивните сообраќајно едукативни активности, реализирани преку електронските и социјалните медиуми и редовното учество на членови и соработници на РСБСП на локални и национални медиуми, важно е да се потенцира дека РСБСП континуирано објавуваше и реализираше превентивни едукативни содржини преку

електронските медиуми - веб портали, преку продукција и дистрибуција на едукативна радио програма како и преку закуп на јавен медиа простор – електронски банери и др. Со интензивното медиумско дејствување РСБСП континуирано влијаеше на свеста и однесувањето на учесниците во сообраќајот.

Во 2023 година, традиционално, РСБСП реализира голем број на активности наменети за едукација на децата и младите за што беа реализирани голем број на предавања, беа изработени и дистрибуирани голем број на едукативни видео спотови и материјали за деца - „Сообраќајна песнарка“, „Боенка“, „Сообраќајна лектира”, „Правила за малите пешаци”, „ Прирачник за родители – Децата и нивната безбедност во сообраќајот“, ленири, распореди за часови, и др.

Во 2023 година РСБСП реализира голем број на акции со мобилни пунктови наменети за дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали – флаери, миризливи освежувачи за во автомобил, маици, нараквици за чистење на снег, маски за лице брендирани со сообраќајно едукативна содржина, води брендирани со сообраќајно едукативна содржина и др.

Јакнење на капацитетите на надлежните институции на локално ниво и високо ниво на соработка со Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со тоа и интензивирање на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво е еден од постојаните приоритети и стратешки цели на РСБСП и согласно тоа РСБСП во 2023 година оствари повеќе работни состаноци со претставници на ОСБСП и локалната самоуправа и заеднички беа реализирани голем број на активности, настани и проекти на локално ниво.

## 3. Препораки за идни активности

Годишниот извештај за работа на РСБСП ги прикажува поважните активности кои РСБСП ги реализира во 2023 година, но исто така дава еден краток преглед на најважните активности кои Советот ќе ги реализира во наредната, 2024 година. Важно е да се потенцира дека, Програмата за работа на РСБСП за 2024 година, претставува посебен документ, а во продолжение следува само краток преглед на онаа што РСБСП ќе го реализира како приоритетна, постојана и пренесена обврска - активност од 2023 година, а која ќе се реализира во 2024 година.

### 3.1. Очекувани активности на РСБСП за 2024 година

1. Учество на РСБСП во работата на Координативното тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата со цел подготовка на Третата Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Сообраќајно едукативна кампања за децата од основните училишта и предучилишна возраст со цел едукација на децата за основните правила и прописи во сообраќајот. Изработка на

сообраќајно едукативни материјали за деца и родители со цел унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот.

3. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за поголема употреба на сигурносни појаси од страна на возачите и патниците.

4. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот со посебен акцент за подигање на јавната свест за подобрување на безбедноста на пешаците и велосипедистите како ранливи групи учесници во сообраќајот.

5. Реализација на едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот на мотоциклистите со посебен акцент за подигање на јавната свест за поголема употреба на заштитна опрема од страна на мотоциклистите и подигање на свеста за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот.

6. Интензивна соработка со општествено одговорни компании и подигање на свест за повисока коорпоративна одговорност во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализација на заеднички проекти и активности преку обезбедување на нагледни средства за сообраќајна едукација за децата од основните училишта и градинките и помошни материјали за реализација на превентивни сообраќајно едукативни активности.

7. Интензивна соработка со меѓународни органи, организации и институции од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

8. Реализација на сообраќајно превентивни активности на локално ниво преку засилена соработка со ОСБСП и единиците на локалната самоуправа.

9. Изработка на сообраќајно едукативни видео материјали за младите и децата како ранлива група на учесници во сообраќајот.

10. Активности за формирање и ставање во функција на ОСБСП и училишни сообраќајни единици

11. Користење на јавен медиумски простор и континуирани учество во медиумите со цел информирање, едукација и подигање на свеста за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

12. Обезбедување на опрема за Министерството за внатрешни работи, односно за сообраќајната полиција.

13. РСБСП, и во 2024 година континуирано ќе ја следи состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата и притоа согласно укажаните потреби, покрај редовните и традиционални кампањи, едукативни активности, стручни и научни собири, и другите редовни активности ќе преземе и организира и дополнителни активности насочени кон оние целни групи во сообраќајот кои во тековната година ќе се покажат како посебно загрозени. Сите активности кои РСБСП ќе ги реализира во 2024 година ќе бидат во функција на долгорочно и трајно подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Заклучоци**

Од Годишниот извештај за работа на РСБСП за 2023 година може да се заклучи:

1. Дисконтинуитетот во работењето на РСБСП во период од јуни до ноември 2023 година, период од пет месеци во кој не се реализирани никакви активности, поради завршување на четиригодишниот мандат на претходниот Совет и именување на новиот Совет од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 6 ноември 2023 година, влијаеше на работата на РСБСП. РСБСП го прилагоди и адаптира своето работење на новонастанатата ситуација и согласно тоа РСБСП во 2023 година, успешно ги реализира програмските активности кои беа утврдени во Програмата за работа за 2023 година.

2. Реализирани се голем број на сообраќајно едукативни активности насочени кон децата како ранливи групи учесници во сообраќајот и во таа насока изработени и дистрибуирани се голем дел на едукативни материјали за децата и дистрибуирани се голем број на материјали со цел поголема заштита на децата во сообраќајот.

3. Со цел информирање, едукација и подигање на свеста на сите групи учесници во сообраќајот, РСБСП во 2023 година, континуирано реализира активности преку социјалните медиуми, потоа изработка и објава едукативни текстови, совети и пораки на електронските медиуми, продуцирани и емитувани се сообраќајно едукативни пораки и совети преку радио, електронски банери, континуирано учество на членови и соработници на РСБСП на сите видови електронски и печатени медиум, дистрибуција на едукативни материјали на јавни места и угостителски објекти, итн.

4. Интензивирани се активности за изработка и дистрибуција на стручна и едукативна литература. Согласно тоа изработен е „ Прирачник за родители“, „ Правила за малите пешаци – Децата и нивната безбедност во сообраќајот“ „ Сообраќајна песнарка“ „Сообраќајна лектира” и др.

5. Согласно законските обврски и законските одредби од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, обезбедена е опрема за јакнење на капацитетите на сообраќајната полиција во процесот на регулирање и контрола на патниот сообраќај.

6. Во 2023 година, РСБСП реализира голем број на сообраќајно едукативни кампањи за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот и со тоа значително влијаеше на однесувањето на учесниците во сообраќајот и на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

7. Реализирани се поголем број на активности и јавни настани со цел подигање на свеста за последиците од неодговорното учество во сообраќајот. Посебно значајни од тој аспект беа кампањите "Стави појас - Сите да придонесеме за безбедност во сообраќајот", "Безбедноста на пешаците на прво место! И јас и ти сме пешаци!", "Безбедност на велосипедистите и мотоциклистите во сообраќајот - 2023", „На матурска вечер без автомобил" и кампањата за одбележување на „ Светскиот ден на сеќавање на жртвите во сообраќајните незгоди".

8. Статистиките податоци покажуваат дека во 2023 година, во Северна Македонија, 127 лица го загубиле животот во сообраќајни незгоди односно 3 жртви повеќе во однос на 2022 година кога 124 лица го загубија животот во сообраќајни незгоди. Ако се има во предвид фактот дека порано во просек во Република Северна Македонија 160-170 лица годишно го губеле животот во сообраќајни незгоди може да се констатира дека безбедноста на сообраќајот на патиштата бележи одреден тренд на подобрување. Во 2023 година безбедноста на сообраќајот на патиштата покажува високо ниво, односно помал број на загинати лица во сообраќајни незгоди во однос на претходни години. Ако го имаме во предвид фактот дека бројот на возила, бројот на возачи, бројот на поминати километри по возач или возило и патната мрежа континуирано растат, тогаш горенаведените податоци кои се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата јасно покажуваат дека постои тренд на подобрување.

И покрај тоа, неможе да се заклучи дека нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија е на потребното ниво.

Особено важно е да се истакне дека Република Северна Македонија, треба до го достигне нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата односно просекот на земјите членки на Европската унија, а тоа е 5 загинати лица во сообраќајни незгоди на 100.000 жители или тоа во апсолутни бројки би значело помалку од 100 загинати лица на годишно ниво и оваа цел не е остварена.

Главната причина за неостварување на целите од Втората национална стратегија, е нецелосната и неефикасна имплементација на политиките и мерките утврдени во Стратегијата. Согласно со тоа, а со цел за долгорочно и трајно подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, неопходно е веднаш да започне процесот на подготовка на нов стратешки документ за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата односно изготвување на

Трета национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2024 – 2029 година.

За унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата неопходно е во наредниот период сите надлежни институции од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и сите поединци кои на било каков начин учествуваат во сообраќајот, безбедноста на сообраќајот на патиштата да ја имаат како заедничка одговорност, висок општествен приоритет и како највисока заедничка цел.

Со цел директно да се придонесе за креирање на услови и можности за намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди исто така неопходно е во наредниот период да се продолжат и да се интензивираат инвестиции во патната и сообраќајната инфраструктура. На тој начини и преку континуирано јакнење на капацитетите на надлежните тела и преку силна посветеност, силен ангажман и интензивна соработка помеѓу сите надлежни субјекти, Република Северна Македонија ќе го достигне нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата на земјите членки на Европската унија.

Од Годишниот извештај за работа на РСБСП, може да се заклучи дека, во 2023 година, РСБСП оствари високо ниво на соработка со надлежните институции и организации, а особено оствари силна соработка со МВР и Факултетот за безбедност – Скопје и во заедничка соработка, со силна посветеност и професионален ангажман, успешно ја реализира Годишната програма за работа за 2023 година. Во рамките на своите законски надлежности, РСБСП во 2023 година реализира голем број на активности, настани, манифестации и проекти кои директно придонесоа за унапредување на сообраќајно превентивното дејствување и намалување на бројот на сообраќајни незгоди и намалување на последиците од нив.

Со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патишта, во рамките на своите надлежности, капацитети и реални можности, РСБСП и во 2024 година ќе продолжи со посветен, силен и континуиран ангажман за побезбеден сообраќај, со посебен акцент на унапредување на сообраќајно превентивното дејствување насочено кон сите групи учесници во сообраќајот и кон сите ризик фактори кои ја загрозуваат безбедноста на патниот сообраќај.

**Претседател на РСБСП**

**м-р Гордана Кожуваровска**